РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 02-06-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-72/1 | | | |


**До**
**општина Битола**
**- правна служба**
**-човечки ресурси**

# БАРАЊЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

Во рамките на проектот: „Проценка на ранливоста кон корупција во државните институции и власти за просторно планирање, урбанизам и градежништво", активностите за проценка беа спроведени во периодот од 08 февруари до 31 октомви 2021 година.
Согласно Компонента 2 од проектот предвидено е организирано следење на имплементацијата на препораките од Проценката на ранливост од корупција во државните институции со надлежност во областа просторно планирање, урбанизам и градба во текот на двата квартали (јануари – јуни 2022 година)

Имајќи го предвид **член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14),** од Насловот потребно да ни доставите информација во кој обем се спроведени препораките од измени на законскиот текст. Со оглед дека првиот дел од мониторингот е завршен, следните информации ни се потребни за вториот дел од мониторингот.
Така следува, потребна ни е информација дали постои објава за измена во службен весник на законскиот текст, какви дејствија и активности се преземени во смисол дали постои иницијатива за измена на одредени членови согласно препораките од погореспоменатиот проект, дали е донесен некој подзаконски акт или правилник на следните закони:

- **Закон за урбанистичко планирање**, број на Службен весник: 32/2020 од 10.02.2020
- **Правилникот за урбанистичко планирање**, број на Службен весник на РСМ: 225 од 18.09.2020
- **Законот за градење**, Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20 и 279/20
- **Законот за градежно земјиште**, Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Тони Јовановски
Раководител на сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

Бр.11-72/2
02.06.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-72/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА

03.06.2022

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Тони Јовановски
Раководител на сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

Бр.11-72/3
06.06.2022

**Предмет: Доставување на прилог - прашалник кон доставено барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам прилогот - прашалник кон барањето бр. 11-72/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување заедно со барањето во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА IV

07.06.2022

# ОПШТИНА БИТОЛА

**СЕКТОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 08.06.2022 | | |
|---|---|---|---|
| | Број | Прилог | Вредност |
| 11-72/4 | | | |

**- Одделение за спроведување на урбанистички планови**
Бр. 30-сл. од 08.05.2022г.

**До:**

**Општина Битола**
**Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

Врска, Ваш бр.11-72/2

Почитувани,

Во врска со Вашето барање под горниот број Ве известуваме дека согласно со објавеното во Службен весник на РСМ последни измени на закони се :

Закон за урбанистичко планирање од 2020г. нема измени.

Правилник за урбанистичко планирање од 2020г. има измени во Сл.В.на РСМ бр.219/2021г и 104/2022г.

Закон за градење после 2020г. нема измени.

Закон за градежно земјиште после 2019г. нема измени.

Со почит,

Одделение за спроведување на урбанистички планови
Раководител:
Весна Јурак, дипл.инж.арх.

Раководител на Сектор
М-р Тони Јовановски, дипл.град.инж.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 15-06-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-72/5 | | | |


ОПШТИНА БИТОЛА

*Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште*

*- Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина*

До
Цветанка Ристевска
Одделение за административни и општи работи

Наш број: 31-1021
06.06.2022
Битола

ПРЕДМЕТ : ОДГОВОР НА БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитувана ,
Во врска со Вашиот допис број 11-72/2 од 02.06.2022 година, пристап до информации од јавен карактер, поднесени од и согласно Барањето кое се однесува на проект „Проценка на ранливоста кон корупцијата во државните институции и власти за просторно планирање, урбанизам и градежништво„ активностите за проценка спроведени во периодот од 08.02 до 31.10 2021 година и согласно Компонента 2 од проектот која предвидува организирано следење на имплементацијата на препораките од Проценкаta на ранливост од корупција во државните институции со надлежност во областа просторно планирање, урбанизам и градба во текот на двата квартали (јануар- јуни 2022 година), Ве информираме дека единиците на локална самоуправа вршат имплементација на законската регулатива и доследно следење на сите измени на членови од истата поврзани со урбанистичкото планирање.

Изработил:Мирјана Николовска диа
Контролирал:Валентина А. Кривашија диа

Раководител на сектор

м-р Тони Јовановски дги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 15-06-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-72/6 | | | |


ОПШТИНА БИТОЛА

*Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште*
*- Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина*


До
Цветанка Ристевска
Одделение за административни и општи работи

Наш број: 31-1021/1
13.06.2022
Битола

ПРЕДМЕТ : ОДГОВОР НА БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР И ДОСТАВА НА ПРАШАЛНИК

Почитувана ,
Во врска со Вашиот допис број 11-72/3 од 06.06.2022 година, пристап до информации од јавен карактер, поднесени од и
согласно Барањето кое се однесува на проект „Проценка на ранливоста кон корупцијата во државните институции и власти за просторно планирање, урбанизам и градежништво„ активностите за проценка спроведени во периодот од 08.02 до 31.10 2021 година и согласно Компонента 2 од проектот која предвидува организирано следење на имплементацијата на препораките од Проценката на ранливост од корупција во државните институции со надлежност во областа просторно планирање, урбанизам и градба во текот на двата квартали (јануар- јуни 2022 година), Ви го доставуваме Прашалникот доставен како дополнителен прилог кон Барањето о Бр. 11-72/2
Воедно ве информираме дека **нема** измени и дополнувања на важечкиот Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ 32/20), а на Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ Бр. 225/20) извршени се измени и дополнувања во 2021 година (Сл. весник на РСМ Бр. 219/21) и во 2022 (Сл. весник на РСМ Бр.104/22)

ПРИЛОГ:
1,Прашалник

Изработил:Мирјана Николовска диа

Контролирал:Валентина А. Кривашија диа

Раководител на сектор
м-р Тони Јовановски дги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 06-06-2022
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
1/3

Прилог кон барање бр.0302-927-15

Почитувани,

На ден 01.06.2022, испрати барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 0302-927-15.

Овој документ го доставуваме како прилог кон доставеното барање.

Ќе ве замолиме заедно со барањето да одговорите и на овој прашалник.

**Прашалник**

**Чекори за следење па имплементација на препораките- Закон за урбанистичко планирање**

| | Препорака | **Пополнува Општината**<br>Следење на препораките и извештај од Мониторинг |
|---|---|---|
| 1. | Поради непостоење на одредби со кое се регулира начелото на јавност и јавната достапност на анализата за настанатите промени, отсуството на ова начело значи голема дискрециона моќ на локалната власт, нетранспарентност како и зголемен ризик од корупција. Зголемување на транспарентноста за преземените дејствија и работата на општините и МзТВ преку постојано објавување и обновување на информации преку официјалната страна. Потребно е во законот да постои начело на јавност во текот на целата постапка, дали воопшто постои иницијатива да се додаде уште еден член каде начелото на јавност ќе биде пропишано. Исто така потребно е да се следи транспарентноста во врска со сите преземени активности, а кои се поврзани со законот за Урбанистичко планирање. | **Дали е направена измена - согласно препораката?**<br>**Дали и на кој начин постои зголемување на транспарентноста?**<br><br>**Да** **Не** (заокружено)<br><br><u>Ако одговорот е **"да"** да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката.</u> |
| 2. | Не е прецизно наведено што значи „органот на државната управа надлежен за уредување на просторот". Од друга страна не постојат категорични норми по однос на тоа кој е органот кој постапува по жалба на овие решенија, бидејќи нема дефинирано кој е органот кој надлежен за уредување на просторот. | **Дали е направена измена - согласно препораката?**<br><br>**Да** **Не** (заокружено) |

| | | |
|---|---|---|
| | Потребно е да биде внесен во Законскиот текст титуларот односно кој субјект е „орган на државната управа надлежен за уредување на просторот". | Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 3. | Членот 22, го уредува планскиот период на донесување на урбанистичките планови, роковите за изработка, анализа на спроведување на планот, и рокот за донесување на урбанистичките планови. Сепак, не постојат одредби кои даваат рок во кој мора да биде изготвена анализата, во законот стои дека постапката се продолжува, ако планот не биде донесен во предвидениот рок. Ваквата регулација претставува правна празнина во законскиот текст. Потребно е овој дел да биде регулиран со децидни законски одредби, се јавува потреба од промена на текстот кои се однесуваат за суспендирање на урбанистичките планови, член 23, односно органот кој ги дава забелешките на општината потребно е задолжително да излезе на терен да направи увид на состојбата , потоа да се даваат забелешки. | **Дали е направена измена - согласно препораката?**<br><br>Да Не<br><br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 4. | Донесување урбанистички планови за објекти и подрачја од државно значење, кои ги донесува Владата, е уредено со член 30, Комисијата за урбанизам го изготвува елаборатот за суспензија. Комисијата ја формира министерот на органот на државната управа надлежен за уредување на просторот, (нема дефиниција за кој орган со точен назив станува збор).,Овој орган има овластување да даде мислење по однос на елаборатот и барањето за суспензија. Одлуката за суспензија се донесува од донесувачот на планот, по претходно добиено мислење од министерот кој раководи со органот на државната управа.(не постои дефиниција за кој орган на државна управа се работи). Од друга страна потребно е да се дефинира дали донесувачот на планот е врзан со мислењето на министерот. | **Дали е направена измена - согласно препораката?**<br>Да Не<br><br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 5. | Законодавецот не навлегува во поврзаноста на донесувачот на планот, односно колку донесувачот на планот е врзан со мислењето на министерот. Донесување на итна правна регулација во случај на спротивставени документи- елаборатот на Комисијата за Урбанизам е спротивен на мислењето на органот на државната управа. Донесување на итна правна регулација во случај на спротивставени документи- елаборатот на Комисијата за Урбанизам е спротивен на мислењето на органот на државната управа. Ваква одредба во законот нема. | **Дали е направена измена на законскиот текст - согласно препораката?**<br><br>Да Не<br><br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 6. | Не постои регулатива за тоа што станува со настанатата штета од суспендирањето на ДУП-планот, и кој ќе сноси одговорност за неотстранувањето на недостатоците на урбанистичкиот план и штетните последици. Се појавува ризик од законска празнина | **Дали е направена измена - согласно препораката?**<br><br>Да Не |

| | | |
|---|---|---|
| | поради неусогласеност на законските одредби, кои даваат можност на надлежните органи за употреба на дискреционите овластувања, без одговорност. Потребно е да биде дефиниран органот врз кого паѓа штетата и штетните последици во случај на суспендирање на планот. Доколку не се постапи по прибелешките и не се отстранети недостатоците, треба да се наведе каква е санкцијата за органот кој не постапил навремено. | Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 7. | Во делот каде се регулира инспекцискиот надзор и дискреционите овластувања, (83-87) нема децидност и категоричност на нормите односно во постапките за издавање и одземање на овластувањата и лиценците. Големо влијание има одлуката односно дискреционите овластувања на субјектот кој носи решение за лиценци, а кои законодавецот не ги дефинирал. Ризик постои во вршењето на надзор над спроведувањето на Законот, односно не е јасно дефиниран начинот и овластувањата. Ваквата регулација законот влијае на зголемување на ризиците од корупција и судир на интереси, преку искористување на правните празнини. Потребно е да биде дефинирана на надлежноста на повеќе органи кои ќе можат да издадат лиценци , но да постои контрола и соработка помеѓу нив, со цел да се намалат дискреционите овластувања на министерот. | **Дали е направена измена - согласно препораката?**<br>**Дали е направена измена во делот на намалување на дискреционата моќ на Министерот за транспорт и врски?**<br><br>Да Не (circled)<br><br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 8. | Постојат кратки рокови согласно овој закон, со цел побрзо донесување на ДУП, со кој ќе се замени суспендираниот ДУП, на овој начин постои опасност од предизвикување на спротивен ефект, наспроти замислата на законодавецот за воведување контролни механизми. Се појавува можност за зголемување на ризиците од појава на корупција и судир на интереси. Нема потреба од толку кратки рокови за донесување на нов ДУП, напротив треба да бидат ефективни новите ДУПови, а поради краткиот рок се јавува можност за постапка која не е во согласност со законот. | **Дали е направена измена - согласно препораката?**<br><br>Да Не (circled)<br><br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 9. | Секторот за јавни набавки, согласно членот 45, се однесува на изборот на изработувач на урбанистичкиот план, односно самата постапка на избор. Донесувањето и промените на урбанистичките планови се финансирани од буџетот на општината, изборот на изработувач на планот се врши преку јавен повик спроведен од комисија формирана од градоначалникот. Понудите се отвараат во рок од пет работни дена, па потоа се разгледуваат и се изготвува извештај со предлог за избор на изработувач на планот, кој се доставува до градоначалникот. Тој ја носи одлуката за избор на изработувачот на планот. Главниот ризик од појава на корупција и судир на надлежности се однесува на големите дискрециони овластувања на градоначалникот кој ја донесува одлуката за избор од една страна, а од друга страна тој ја формира | **Дали е направена измена - согласно препораката?**<br>**Дали е направена измена во делот на намалување на дискреционата моќ на Градоначалникот?**<br><br>Да Не (circled)<br><br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |

| | | |
|---|---|---|
| | комисијата што прави евалуација на понудите и која го доставува предлогот за избор до градоначалникот. Нема посебни критериуми и начинот на избор на комисијата, само го има составот во овој закон, дефинирано е само да има двајца архитекти, другиот состав е непознат, постои ризик архитектите урбанисти да не бидат мнозинство во комисијата, но и нема не постојат критериуми и точен број на другите членови од комисијата кои се компетентни за да ја вршат оваа функција. Потребно е да бидат променети овие одредби односно да се намали дискреционата моќ на градоначалникот , не смее да ја донесува одлуката за избор на изработувач на планот и истовремено да формира комисија за евалуација на понудите. | |
| 1( | 10. Сите органи се должни да ги стават на располагање своите податоци во врска со целиот процес за успешна постапка за урбанистичкото планирање. Согласно член 22 постапката се продолжува, доколку не се донесе планот во предвидениот рок, доколку е постапено спротивно предвидена е само прекршочна казна во висина од 2000 евра за градоначалникот, или за овластеното лице кое ја води постапката за донесување на планот. Согласно членот 47 каде што е предвидено е дека органите се должни да ги дадат сите податоци кои им стојат на располагање, затоа што останува нејасно како ќе се докаже дали им стоеле на располагање или не. Нема определено временски период за колку се продолжува, што е голема правна празнина во законскиот текст. Во законот не постои одредба како да се докаже дека органот ги имал потребните податоци, напротив законодавецот регулирал дека доколку нема такви податоци постапката може да продолжи и без нив. Законот не содржи одредба која ќе уреди кој субјект би ја носел одговорноста за штетата и во каква постапка, во ситуација кога штетните последици се настанати како резултат на недавањето на побараните податоци, а во ситуација кога донесувачот на планот не успеал да донесе нов план во рокот предвиден со членот 23. Ваквата регулатива претставува ризик за појава на корупција и судир на интереси, бидејќи органите можат намерно да не ги доставуваат податоците. Потребно е органот да докаже дека не располагал со потребните податоци и како се обидел да ги прибави, со цел да се заврши целата постапка за урбанистичко планирање. Доколку не се докаже да постои одговорност кај вработениот или кај директорот односно раководителот на органот, и дефинирање на санкцијата, против органот и одговорното лице кое го претставува. | **Дали е направена измена - согласно препораката?**<br><br>**Да** **Не** (circled)<br><br><u>Ако одговорот е **"да"** да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката.</u> |
| 1 | Согласно членот 92 од преодните и завршните одредби е предвидено дека одредбите од постојните закони кои ги уредуваат прашањата во врска со урбанистичкото планирање, што се уредени со овој закон, треба да се | **Дали е направена измена - согласно препораката?**<br><br>**Да** **Не** (circled) |

| | | |
|---|---|---|
| | усогласат со одредбите од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Влијание на еден закон преку друг ,(дерогација) како lex specialis, lex superiorилиlex posterior. Ова укажува на постоењето реални проблеми во практиката со неизедначеност и синхронизираност на релативно големиот број закони и подзаконски акти. Синхронизација на преодните и завршните одредби, не постои нивна поврзаност за да овие одредби бидат толкувани како една целина. | Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |

**Чекори за следење на имплементација на препораките- Правилник за урбанистичко планирање**

| | **Препорака** | **Пополнува Општината**<br>Следење на препораките и извештај од Мониторинг |
|---|---|---|
| 1. | Согласно член 1 став 4 вели:" Правилникот за урбанистичко планирање го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласа на уредувањето на просторот по извршена стручна расправа". Законот не навлегува подетално што значи стручната расправа, начин на организирање на истата, и начин на избор на учесниците, односно кој има право да учествува на истата и други слични одредби кои се од значење за процесот на транспарентност. Голема дискрециона моќ на Министерот за транспорт и врски, која е уредена со овој правилник. Правилникот, сам по себе е ризик за појава на корупција и судир на интереси, поради можноста за различни толкувања и судири во практиката. Законот треба да биде изворот на правото како би се минимизирала потребата од интервенции во текстот, да се ограничи влијанието на другите прописи врз урбанизмот, како и да се прецизираат надлежностите на сите органи, тела и институции кои се вклучени во процесот на урбанистичкото планирање. Од друга страна потребна е синхронизација на законските одредби, да се избегнуваат носење на правилници и други подзаконски акти. | **Дали е направена измена - синхронизација на законските одредби согласно препораката?**<br>**Да Не**<br><br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 2. | Правилникот е донесен 2020 година, не постои детално уредување за тоа што е стратегиско значење, кои градби имаат општинска природа, поради што се јавува можност за различно толкување и различна примена на овие одредби.Потребна е синхронизација на законските одредби, да се избегнуваат носење на правилници и други подзаконски акти. Но,според сегашната состојба ќе биде неопходно носење на нов правилник за да се синхронизираат законските норми. | **Дали е во постапка носење на нов правилник или е донесен друг подзаконски акт за доуредување, на правилникот за Урбанистичко планирање?**<br><br>**Да Не**<br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 3. | Согласно член 2, има отсуството на дефиницијата на бруто –површина ,нема детална регулатива за тоа што и | Дали е дефиниран терминот, "бруто површина" односно дали постои |

| | | |
|---|---|---|
| | колку е "бруто површина". Не се прецизира што се подразбира под бруто површина односно не постои регулатива. Недефинираните законски одредби го нарушуваат принципот на добро владеење што ќе придонесе за зголемување на дискрециони овластувања и појава на корупција. Потребно е категорична дефиниција на тоа што се подразбира под бруто површина. | уредување на терминологијата што се подразбира под бруто површина.<br>Да Не<br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |

**Чекори за следење на имплементација на препораките- Закон за градење**

| | Препорака | **Пополнува Општината**<br>Следење на препораките и извештај од Мониторинг |
|---|---|---|
| 1. | Законот за градење од 2009 година до сега има 35 измени. Измените се показател на недоволната регулација на законскиот текст, па се јавува потреба синхронизации на законските и подзаконските акти.. Да се следи дали има уште измени. | **Дали е направена измена - синхронизација на законските и подзаконските одредби согласно препораката?**<br>Да Не<br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 2. | Издавањето на градежни дозволи и спроведувањето на надзорот над градењето, како и исполнувањето на урбанистичките и градежните стандарди, е пропишано во закон но голема дискрециона моќ во овој процес има градоначалникот. Постои потреба од вработување на градежни инспектори. На овој начин постои можност за одолговлекување на постапката за издавање на одобрение за градење од страна на овластени лица, без можност да биде поведена постапка. Потребно е намалување на дискреционите овластувања на локалната власт, строга контрола од страна на тело кое е независно од локалната власт доколку се одолговлекува постапката за добивање на одобрение за градење | **Дали е објавен оглас за вработување на градежни инспектори согласно препораката?**<br>Да Не<br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката, број на огласот, каде е објавен и за колку лица до кога траел, колку лица се пријавиле, и дали е засновано работен однос односно дали завршила постапката. |

**Табела со чекори за следење на имплементација на препораките- Закон за градежно земјиште**

| | Препорака | **Пополнува Општината**<br>Следење на препораките и извештај од Мониторинг |
|---|---|---|
| 1. | Законот за Градежно земјиште е донесен во 2015 година е менуван 7 пати. Измените се показател на недоволната регулација на законскиот текст, па се | **Дали е направена измена - синхронизација на законските и подзаконските одредби согласно препораката?** |

| | | |
|---|---|---|
| | јавува потреба од донесување на подзаконски акти и правилници. На овој начин се зголемува ризикот од корупција. Потребна е синхронизација на законските одредби, да се минимализира потребата од носење на правилници и други подзаконски акти. | Да Не<br><br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 2. | Секој субјект кој е сопственик на најмалку 30% од определена парцела има право да направи откуп на целата парцела ,под услов таа да е во сопственост на државата. За реализација на оваа постапка се прави непосредна спогодба склучена со Министерството за транспорт и врски. Постои можност сопственикот да направи раздвојување и спојување на парцелата. Земајќи го предвид фактот дека постапката за откуп на остатокот од парцелата се врши преку непосредна спогодба, постои голема концентрација на моќ во Министерството за транспорт и врски. Создавањето на урбанистички план и исцртувањето на градежните парцели за едно лице наменски се стекне со 30% сопственост за да може да си ја дооформи целата парцела е ризикот од корупција. Потребно е да биде ограничена дискреционата моќ на министерот преку додавање на нови членови во овој закон. | **Дали е направена измена - синхронизација на законските одредби согласно препораката, особено во делот на ограничувањата на дискреционата моќ на Министерот за Транспорт и Врски?**<br>Да Не<br><br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 3. | Потребно е намалување на дискреционите овластувања на Министерот за транспорт и врски, бидејќи постои ризик од корупција со цел да се направи спојување, откуп, дооформување на градежна парцела, (46-76). Потребно е зголемување на транспарентноста во овој процес. | **Дали е направена измена - на законските одредби согласно препораката, особено во делот на ограничувањата на дискреционата моќ на Министерот за Транспорт и Врски? Дали е зголемена транспарентноста на целиот процес согласно препораката ?**<br>Да Не<br><br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |
| 4. | Финансирањето на единиците на локалната самоуправа од сопствени извори е охрабрување да се прават градежните активности за движењето на имотот. Локалната власт со оглед на претходното тенденциозно го зголемува процентот на изграденост, зголемување на големината на постоечките објекти, изградба на нови објекти, па дури и заменување на индивидуалните домови со згради. Од тука не постои доволна грижа за квалитетот на животната средина и се занемарува Законот за урбано зеленило(ЗУЗ) донесен во 2018 (и измена во 2020 година), со цел да се неутрализира негативното влијание на градежната експанзија врз животната средина и урбаното зеленило. Имајќи ги предвид членовите 19 и 20, ЗУЗ, со кои се предвидуваат | **Дали е направена измена - на законските одредби согласно препораката, особено во делот на ограничувањата на дискреционата моќ на Градоначалникот? Дали е зголемена транспарентноста на целиот процес согласно препораката ?**<br>Да Не<br><br>Ако одговорот е "да" да се наведе под табелата реден број на препораката во кој член и која е измената, каде е објавена промената и до кога треба да заврши постапката. |

| | | |
|---|---|---|
| | определени стандарди, односно мора да биде испланирано колкав процент на зеленило треба да има по глава на жител, во една градежна парцела, потребно е строго да се почитува ЗУЗ. Неопходно е зголемување на транспарентноста во целиот процес и контрола над локалната власт, со намалување на дискреционата моќ на градоначалникот во овој дел, односно поделба на оваа моќ помеѓу неколку органи кои ќе вршат меѓусебна контрола. | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-72/7
21.06.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на поднесено на **01.06.2022 година и прилог на барањето поднесено на 06.06.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Информација во кој обем се спроведени препораките од измени на законскиот текст согласно препораките од проектот „ Проценка на ранливоста кон корупција во државните институции и власти за просторно планирање, урбанизам и градежништво“ Прашање бр.2 Прашалник – Чекори за следење на имплементацијата на препораките **(детален опис на прашањата во барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-72/1
2. Допис до Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежноземјиште со бр.11-72/2 од 02.06.2022
3. Допис до Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр. 11-72/3 од 06.06.2022 со прилог прашалник
4. Одговор од Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр.11-72/4 од 08.06.2022
5. Одговор од Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр. 11-72/5 од 15.06.2022
6. Одговор од Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр. 11-72/6 од 15.06.2022 со прилог прашалник

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 21.06.2022 година, под бр. 11-72/7.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk